РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 01-1308/1
22.11 2025 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 202/24), член 33 став 1 алинеја 12 од Статутот на Општина Кривогаштани (Сл.гласник на општина Кривогаштан бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кривогаштани и приватни возила за службени потреби на Општина Кривогаштани**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кривогаштани, начинот на користење на сопствените возила за службените потреби на Општина Кривогаштани, начинот на полнење на гориво и лицата кои можат да полнат гориво во службените возила за потребите на Општина Кривогаштани.

**Член 2**

Службено возило во смисла на овој Правилник е секое моторно возило кое е во сопственост на Општина Кривогаштани и се користи за потребите на општината.

Возилата може да се користат само за службени потреби и тоа превоз на градоначалникот и вработените во општинската администрација до и од надлежната институција заради реализирање на службени активности во земјата и странство како и за извршување на секојдневни службени работи и задачи, достава на пошта, материјали, опрема, обуки, учество на работни состаноци, превезување на делегации и други работи согласно закон.

Градоначалникот има право на 24 часовно користење на службените возила, со или без возач, за службени потреби.

**Член 3**

Приватно возило може да се користи за службените потреби на Општина Кривогаштани само во случај кога службените возила да не се достапни, веќе се ангажирани или не се во возна состојба.

За користење на приватното возило за службени потреби, градоначалникот носи одлука во која се наведени типот и марката на возилото, бројот на регистарски таблички, име и презиме на корисникот и дестинацијата на патување.

Сметките за патарина, паркинг и слично и испратницата за наполнето гориво се доставуваат во Одделението за финасиски прашања.

Трошоците за одржување на приватното возило и штетите кои евентуално би настанале на возилото при извршување на службените дејствија паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

**Член 4**

Службеното возило може да се управува само доколку е технички исправно и регистрирано.

Управувањето на службеното возило се врши во рамките на работното време на Општина Кривогаштани, а по потреба и надвор од работното време.

За секое користење на возилото се издава патен налог во писмена форма кој ги содржи следните податоци:

-вид на возило,
-име на лицето кое го користи возилото,
-релација на патување,
-цел на патувањето,
-време на поаѓање и враќање и
-почетна и крајна километража.

Корисникот на возилото го доставува патниот налог за службеното патување до Одделението за финансиски прашања, заедно со документите од патарини, паркинг и слично.

**Член 5**

Корисниците на службените возила се должни рационално да ги користат, со внимание на добар домаќин, внимателно да управуваат со возилата, придржувајќи се на техничките нормативи и прописи со кои се уредува патниот сообраќај, да се грижат за хигиената и техничката исправност на возилата.

**Член 6**

Полнењето на гориво за службените возила во сопственост на Општина Кривогаштани се врши на бензинската станица на економскиот оператор избран во постапка на јавна набавка.

Лицето кое полни гориво се раздолжува со документ за наполнето гориво (испратница каде е наведена регистрацијата) во Одделението за финансиски прашања на Општина Кривогаштани.

**Член 7**

Во службените возила можат да полнат гориво градоначалникот на Општина Кривогаштани, возачот, овластени вработени лица, командирот на одделение во ТППЕ Кривогаштани.

**Член 8**

Општинската администрација води евиденција за службените возила на Општина Кривогаштани.

**Член 9**

Неовластеното користење на возилата и непочитување на одредбите од овој Правилник претставува повреда на работната дисциплина и претставува основ за дисциплинска одговорност.

**Член 10**

За се што не е предвидено со овој правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски